Меморандум за соработка помеѓу СЗПМ и ЦРИС „Студиорум"

# Зацврстување на партнерството за здраво стареење



Досегашната соработка помеѓу Сојузот на здруженијата на пензионери и Центарот за регионални истражувања „Студиорум", на 15 февруари и официјално беше дефинирана со потпишување меморандум од страна на претседателот на СЗПМ Драги Аргировски и извршната директорка на Центарот, м-р Неда Милевска- Костова. На состанокот по тој повод присуствуваа и потпретседателот на Собранието на СЗПМ Бесник Поцеста, потпретседателот на ИО Методија Тошевски, секретарот на ИО Станка Трајкова, европскиот експерт за здраво стареење м-р Снежана Чичевалиева, претставници на скопските здруженија: Кисела Вода, Аеродром, Гази Баба, Ѓорче Петров, Центар и Сарај, кои учествуваа во истражувањето, како и Комисијата за здравство при СЗПМ.



Во воведните обраќања на претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** и извршната директорка на Центарот **Неда Милевска-Костова** беше нагласено значењето на потпишувањето на овој документ како основа за унапредување и зацврстување на досегашната соработка и партнерство на двата субјекта со цел да се подобрат условите и квалитетот на животот на пензионерите и да се придонесе во создавањето посоодветни услови за здраво и активно стареење на сите припадници на Сојузот и пошироко.

На состанокот беше извршена презентација на резултатите од пилот-истражувањето на ЦРИС за да се согледа состојбата и да се насочи дејствувањето кон создавање оптимални услови и можности за подобро социјално и ментално здравје и да се оспособат старите лица за активно учество во општеството, без дискриминација и да уживаат независен и квалитетен живот.

За квалитетот и резултатите на извршеното истражување и потребата за натамошно унапредување на соработката помеѓу СЗПМ и ЦРИС свои согледувања имаа м-р **Снежана Чичевалиева, Станка Трајкова, Бесник Поцеста, Методија Новковски, Атанас Кутлешевски, Руфат Рамадани** и **Илија Глигоров.**

**М. Димовски**

СЗПМ иницираше истражување

# Што мислат пензионерите за условите за активно и здраво живеење во РМ?

Сојузот на здуженијата на пензионерите на Македонија (СЗПМ) во партнерство со Бизнис Академијата Смилевски „БАС", ЦРИС „Студиорум" и „Проект Хоуп" спроведе истражување за тоа што мислат пензионерите за постојните услови за активното и здраво живеење во РМ, како и за тоа што треба да се направи за тие да се подобрат.

Ова е прво од ваков вид истражување во РМ. Тоа опфати 700 пензионери во Скопје, со што има важност и само за себе, а ќе претставува и основа на студијата за социјалната карта на пензионерите во РМ што ја иницираше СЗПМ, а ќе се реализира оваа година. Податоците од ова истражување се објавени на 15 февруари 2013 година, при потпишувањето на Меморандумот за соработка помеѓу СЗПМ и ЦРИС „Студиорум".

СЗПМ на овој начин продолжува да го поттикнува активното учество на своите здруженија и членови, но и на пензионерите поединечно, во креирањето на мерките и активностите од своите годишни програми, со што придонесува кон успешното спроведување на Националната стратегија за стари лица на РМ (2010–2020), како и активностите во Европа и ЕУ за активното стареење.

Едновремено, СЗПМ го интензивира процесот за создавање на партнерства со цел да се создаде широка алијанса на владиниот и невладиниот сектор за активно и здраво стареење, од која придобивки ќе има целото општество, а најмногу пензионерите во РМ.

> Во РМ во 1994 година имало 13% население на возраст над 60 години, 15% во 2002 година и 16,6% во 2008 година. Миграциските движења на населението во РМ покажуваат дека само во 2008 година се забележани 7216 миграции, од кои најголем број во Скопскиот регион, при што населението се концентрира во главниот град на РМ. Ваквата состојба бара соодветни активности во одговор на растечкитете потреби на зголемениот број повозрасно население во РМ.

**М-р. Снежана Чичевалиева**